Врз основа на член 36 став(1) точка 15 и 62 став( 1) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) а во врска со член 11 од Законот за полиција („(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 294/21, 89/22, 160/25, 258/25 и 15/26) и член 14 став (1) точка 40 од Статутот на општина Крива Паланка („Сл.гласник на општина Крива Паланка “ бр. 08/10,12/10, 08/14, 02/18, 03/19 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24). Советот на општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 20.02.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА**
**ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Локален Совет за превенција (ЛСП) за подрачјето на општина Крива Паланка .

**Член 2**

Со Локалниот Совет за Превенција заседава Градоначалникот на Општина Крива Паланка, Сашко Митовски .

Претставници во Советот од член 1 на оваа одлука се:

- Киро Николовски -Началник на ОВР Крива паланка ,
- Иле Коцевски - Командир на ТППЕ
- Дамир Христов –ЈП Комуналец Крива Паланка
- Претседател на Советот на Општина Крива Паланка,Миле Трајковски,
- Членови на Советот на Општина Крива Паланка,Тања Д.Митровска и Виолета С.Станојковска
- Преставник од Одделение за ЛЕР -Сања Станковска
- Преставник на НВО –Жаклина Цветковска
- Претставници од Министерството за образование:
  -Марина Ј.Митовска - ООУ ,,Јоаким Крчовски"-Крива Паланка
  -Татјана Славова - ООУ ,,Илинден"-Крива Паланка
  -Катерина Митовска – Наковска –СОУ ,,Ѓорче Петров"-Крива Паланка

  - Претставник од Министерството за здравство-Др-Дејан Димитровски -Доктор на медицина вработена во ЈЗУ Здравствен дом,,Академик Проф.Др.Димитар Арсов"Крива Паланка,
  - Претставници од религиозните заедници-Александар Смиљков,
  - Претставници на советодавни групи на граѓани-Маја Илиевска
  - Претставник од Центарот за социјални работи- Марија Трајковска -Стефановска и
  - Претставници од медиуми-Никола Митовски

**Член 3**

Целта на Локалниот Совет за Превенција се состои во изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на Општина Крива Паланка како и градење на доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање локален совет за превенција за подрачјето на Општина Крива Паланка бр.09-6325/21 од 23.12.2024 година .

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во„ Службен гласник на Општина Крива Паланка „.

**Број 09-820/69**
**20.02.2026 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА Крива Паланка**
**Претседател**
**Миле Трајковски**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка'') бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24), Градоначалникот на Општина Крива Паланка

# З А К Л У Ч О К

**за објавување Одлука за формирање локален совет за превенција за подрачјето на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за формирање локален совет за превенција за подрачјето на Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 6-та седница, одржана на ден 20.02.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 –820/70**
**23.02.2026 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски**